# Б А Р О М Е Т А Р

## ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Ноември 2023



Проектот е имплементиран од:

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........ 3
**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ 4
**ВОВЕД** ........ 4
**ПРОФИЛ НА ИСПИТАНИЧКИТЕ** ........ 7
**ТЕНДЕНЦИИ И СОСТОЈБИ ВО 2022 ГОДИНА** ........ 7
Перцепции во однос на деловното опкружување ........ 7
Мотивација, предизвици и потреби на жените претприемачи ........ 8
Пристап до финансии ........ 10
Лични искуства ........ 11
Актуелни трендови ........ 12
**ПРЕПОРАКИ** ........ 13
**АНЕКС** ........ 14

## ПРЕДГОВОР

Националната платформа за женско претприемништво – НПЖП во текот на три последователни години ја следи состојбата на женското претприемништво во државата, преку спроведување на анкета на ставовите и перцепциите на најзасегнатите чинители – жените претприемачи. Истражувањата и активностите реализирани во овој период ни овозможуваат да констатираме една динамична, развојна перспектива. Имено, неформалната заедница на жени претприемачи од година во година покажува сѐ поголема компактност, зрелост и фаќање чекор со трендовите на европско ниво.

Тоа е видливо преку повеќе примери: преку мобилизирањето на поголемо чувство на припадност кон оваа специфична категорија кога станува збор за соочување со заедничките предизвици, како што е дискриминацијата по однос на пол; преку еволутивната перспектива во поглед на користењето на нови технологии и дигитализација на бизнисите; преку изборот на обуки кој покажува постојан и успешен процес на учење и надградба; преку поголемата свесност и подготвеност за користење на нетрадиционални извори на финансирање: преку зајакнатата отпорност и соодветните одговори за справување со предизвиците, без разлика дали се работи за КОВИД-19, војната во Украина или предизвиците кои ги наметнуваат домашните политики, итн.

Секако дека остануваат уште бројни предизвици, но имаме веќе бројни мали победи на кои можеме заеднички да се радуваме и врз кои можеме да го темелиме успехот во иднина. Покажуваме дека не се задоволуваме со декларативни заложби и дека имаме капацитет и потенцијал да работиме на конкретни подобрувања на родовата еднаквост во пракса, во деловната заедница. Убедени сме дека тоа е патот кој треба да се следи и во следниот период и дека заедно можеме да постигнеме уште повеќе, стремејќи се кон целосна еднаквост и рамноправност.

*Емилија Андонова*

*Координаторка на Националната платформа*

*за женско претприемништво*

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ



- Испитаничките кои го пополниле прашалникот во 2023 водат мали и средни претпријатија. Во најголем дел тие се сопственички на бизниси кои ги почнале сами (42,2%), самовработени (31,1%) или водат бизниси кои ги основале други (20%). За разлика од претходните години, повеќето имаат искуство до 5 години и работат во различни услужни дејности.
- Во споредба со минатата година, постои значително подобрување од околу 20% во перцепциите во врска со условите за започнување и водење сопствен бизнис. На тоа се надоврзуваат и согледувањата дека неформалната (сива) економија има тенденција на намалување и претежно позитивните ставови околу системот за социјална и здравствена заштита.
- Во пораст е бројот на жени претприемачи кои се одлучуваат да започнат сопствен бизнис поради согледана можност на пазарот, а не единствено поради потреба (47,8%). Притоа, желбата за поголема заработка (64,4%) и неможноста да ги остварат кариерните амбиции (63,3%) на претходното работно место остануваат меѓу главните двигатели.
- Индивидуалните (субјективни) фактори, како недоволната самодоверба (62,2%) и неволноста да се преземе ризик (43,3%), продолжуваат да ги попречуваат жените претприемачи во нивниот професионален и деловен развој. На тоа се надоврзуваат објективните фактори како ограничените можности на пазарот (57,8%) и големата бирократија (45,6%).
- 60% од испитаничките начелно сметаат дека мерките за поддршка за жените претприемачи се доволни и соодветни. Притоа, како најважни се оценуваат обуки и менторство (72,2%), пристап до финансии (67,8%) и бизнис инкубатори (58,9%). Она што се очекува од државните институции е да го олеснат пристапот до финансии под поволни услови (80%), да го подобруваат системот за социјална и здравствена заштита (61,1%) и да ја јакнат свесноста за практиките, можностите и придобивките од женското претприемништво (54,4%).
- Постои тренд на поголемо свртување кон нетрадиционалните извори на финансирање, како што се бизнис ангелите, краудфандинг платформите и ризичниот капитал, за сметка на банкарските кредити и микрофинансирањето. Постепено се зголемува бројот на жени претприемачи кои сметаат дека начелно

постојат можности за финансирање под поволни услови, но мнозинството сè уште смета дека тие не се доволни (53,4%).

- Загрижувачки е порастот на трендот на дискриминација со која се соочуваат жените претприемачи од 2021 година наваму, од 31% на 56,7% во 2023 година. Кога станува збор за клучните предизвици, мнозинството од испитаничките го наведуваат недостигот на поддршка од државните институции (56,7%) и сопственото ниво на финансиска писменост (55,6%).
- Во пораст, но уште под процентот од 2021 година (81,5%), е бројот на жени претприемачи кои се изјасниле дека претприемачките активности им овозможуваат да живеат удобен живот (76,6%). Тие исто така имаат генерално оптимистички очекувања од сопствениот бизнис во иднина, да го зголемат профитот (64,4%) и да се прошират на нови пазари (69,9%). Она што ги загрижува повеќето од половината е сивата економија (61,1%), даночната реформа (55,6%) и инфлацијата (50%).
- Најголем дел од жените претприемачи користат нови технологии и дигитални алатки барем за маркетинг цели, но постои видлива потреба нивната употреба да се прошири на останатите сегменти од бизнисот. Само 15,6% одговориле дека членуваат во здруженија кои имаат за цел обезбедување поддршка и услуги за жени претприемачи. Главните очекувања од таквото членство се однесуваат на лична поддршка преку познанства, споделување искуства и успешни приказни (73,2%), информирање и обука (72,2%) и застапување на интересите пред државните институции (61,1%).
- 24,4% од испитаничките оценуваат дека има подобрување во поглед на состојбата на женското претприемништво, додека 73,3% дека нема промена во однос на минатата година.

## ВОВЕД

Во периодот август-октомври 2023 година, Националната платформа за женско претприемништво го спроведе третото испитување на перцепциите на жените претприемачи на национално ниво во форма на анкета. Истражувањето се осврнува на најважните предизвици со кои се соочуваат жените претрпиемачи во Македонија и нивните ставови во врска со актуелната состојба во претприемништвото и домашната економија. Дел од прашањата се повторуваат во текот на сите испитувања спроведени во последните три години, со цел да се обезбеди следење на ситуацијата и бележење на евентуални промени кои ги засегаат жените претприемачи. Дел од прашањата се однесуваат на нови трендови и појави кои се појавуваат и се актуелни во одреден временски период, но имаат тенденција да остават долгорочни последици, како пандемијата на КОВИД-19 или војната во Украина. Целта на ваквата методологија е да се

обезбеди истовремено и споредливост во текот на времето и сеопфатност во поглед на сите актуелни прашања од интерес за жените претприемачи.

На прашалникот одговорија 90 испитанички кои ги споделија своите ставови и размислувања во врска со различни аспекти на женското претприемништво, преку 27 прашања распределени во следните категории:

- Ставови и перцепции во однос на деловното опкружување
- Мотивација, предизвици и потреби на жените претприемачи при започнување и водење сопствен бизнис
- Пристап до финансии
- Лични искуства и очекувања
- Актуелни трендови



Очигледни се промени во однос на 2021 и 2022 година, и тоа претежно во позитивна насока. Општата тенденција оваа година оди во насока на подобри перцепции во однос на деловното опкружување и оптимистички очекувања на жените претприемачи од сопствениот бизнис. Перцепциите во поглед на предизвиците остануваат непроменети, но одразуваат поголема сигурност во капацитетот, потенцијалот и способноста за надминување кај различните чинители. Јасно видливи се резултатите од процесите на учење и адаптација, особено во поглед на новите технологии и пристапот до финансии. Останува да се работи на поголема поддршка од страна на државните институции и на промена во општествената култура преку подигнување на свесноста за женското претприемништво како појава која носи бројни придобивки и на микро ниво – во семејството и локалната заедница, и на макро-ниво – за националната економија.

# ПРОФИЛ НА ИСПИТАНИЧКИТЕ

Најголем дел од испитаничките се сопственички на бизниси кои сами ги започнале и во моментов ги водат (42,2%), по што следуваат самовработени претприемачи (31,1%) и жени кои водат компании основани од други лица (20%). За првпат оваа година Барометарот опфати жени кои се заинтересирани за започнување сопствен бизнис (6,7%), во обид да направи споредба меѓу жените претприемачи кои имаат реално искуство и очекувањата, предизвиците и перцепциите на жените кои размислуваат да се впуштат во претприемачките води.

Во поглед на искуството на испитаничките, во анкетата оваа година доминираат жени претприемачи со искуство до 5 години (61,1%), по што следуваат испитанички со искуство 5-10 години (26,5%) и над 10 години (13,3%). Како и претходните години и целосно одразувајќи ја структурата на домашната економија, доминираат сопственички на микро претпријатија (до 10 вработени, 74,4%), пред мали претпријатија (до 50 вработени, 21,1%) и средни претпријатија (до 250 вработени, 4,4%). Изостануваат одговори од сопственички на големите претпријатија (од 250 вработени нагоре) кои учествуваат со околу 0,3% во вкупниот број друштва во државата, што укажува и на тенденциите за раст на компаниите водени од жени претприемачи.

Според секторите, најзастапени во анкетата со една третина од одговорите се жени претприемачи во услужниот сектор (33,3%), пред трговија на големо и мало и (16,7%) и производство, занаетчиство и преработка на суровини, материјали и стоки (16,7%). По нив следуваат туризам и угостителство (11,1%), енергетика и животна средина (7,8%) и информациски и комуникациски технологии, развој и иновации (6,7%).

# ТЕНДЕНЦИИ И СОСТОЈБИ ВО 2022 ГОДИНА

## Ставови и перцепции во однос на деловното опкружување

Оваа категорија прашања ги опфаќа согледувањата на жените претприемачи во однос на бизнис климата за започнување и водење сопствен бизнис. Притоа, може да се забележи подобрување на перцепциите во поглед на 2022 година кога станува збор за условите за започнување сопствен бизнис. Имено, вкупно 77,7% од испитаничките сметаат дека има поволни услови за започнување сопствен бизнис (13,3% одговориле „да, сосема“, а 64,4% - „да, до некаде“), што претставува пораст од 20% во споредба со минатата година (вкупно 56,3%, од кои 7,3% со „да, сосема“ и 49% со „да, до некаде“). Истиот тренд се забележува кога станува збор за деловното опкружување и условите за водење сопствен бизнис, каде што 71,1% од испитаничките се изјасниле позитивно (14,4% со „да, сосема“ и

56,7% со „да, до некаде“). Споредено со 2022 година, ставовите се позитивни за повеќе од 20%.

Кога станува збор за конкретни аспекти на деловното опкружување и регулатива која директно ги засега жените претприемачи, постои општо подобрување и во поглед на перцепциите за сивата (неформална) економија. Имено, за првпат во последните 3 години повеќе испитанички сметаат дека постои тенденција на намалување, а не на зголемување на сивата економија (17,8% наспроти 14,4%). Половина од нив сметаат дека сивата економија има негативно влијание врз економските оператори кои работат легално, 16,7% дека води кон значително намалување врз приходите во буџетот. Постои намалување за околу 20% од минатата година, односно само 13,3% од жените претприемачи во 2023 година сметаат дека неформалната економија им помага на некои маргинализирани групи да преживеат. 11,1% сметаат дека се потребни поголеми напори за нејзино сузбивање, параметар кој исто така е во опаѓање во споредба со минатата година.

Повеќе позитивни ставови се бележат и во поглед на системот за социјална и здравствена заштита и неговата прилагоденост кон потребите на жените претприемачи. Конкретно, 62,2% од испитаничките се изјасниле дека системот им оди во прилог (8,9% „да, сосема“, а 53,3% „да, до некаде“), што претставува перцепција подобрена за 20% во поглед на минатата година. Оние кои сметаат дека системот не ги поддржува жените претприемачи изнесуваат 35,5%, намалување од 56,3% негативни перцепции во 2022 година.

## Мотивација, предизвици и потреби на жените претприемачи при започнување и водење сопствен бизнис

Во поглед на причините кои ги натерале жените претприемачи да започнат сопствен бизнис, доминираат желбата за поголема заработка (64,4%) и неможноста да ги остварат сопствените амбиции и/или проблеми на претходното работно место (63,3%). Во споредба со 2022 година, бројот на жени кои согледале можност на пазарот и поради тоа се одлучиле за сопствен бизнис расте и целосно се изедначува со бројот на жени кои се одлучиле на ваков чекор поради потреба, односно поради тоа што не можеле да најдат друга работа (47,8%). Желбата за независност, побудите да придонесат кон добросостојбата на заедницата и рамнотежата меѓу професионалниот и приватниот живот играат помала улога со 30%, 16,7% и 10% соодветно.

***Треба да се отвораат повеќе дискусии за тоа што претставува и како да им се помогне на жените во бизнисот. Постои голема неинформираност, затоа и нема доволно мерки за поддршка.***

Причините кои ги одвраќаат жените претприемачи од започнување сопствен бизнис повторно се комбинација од внатрешни

(субјективни) и надворешни (објективни) фактори. Во рамки на првата категорија, предничат ниската самодоверба (62,2%), неволноста да се преземе ризик (43,3%) и обврската да се грижат за семејството (26,7%), а во втората категорија доминираат ограничените можности на пазарот (57,8%), големата бирократија (45,6%) и пристапот до финансии (36,7%).

Меѓу останатите предизвици доминира недостигот на капацитет, односно знаења и вештини во релевантни области, конкретно финансиска писменост (55,6%), менаџерски вештини (45,7%) и познавање на релевантни законски прописи (25,6%). Ограничените деловни контакти (44,4%), обврските за грижа за членови на семејството (31,1%) и пристапот до финансии (22,2%) остануваат исто така важни предизвици за жените претприемачи.

Бројот на испитанички кои сметаат дека не постои соодветен систем за поддршка на жените претприемачи се намалил на половина од минатата година (обука, менторство, советодавни услуги, грантови - 20,8% во 2022, 11,1% во 2023). Конкретно, 60% од испитаничките сметаат дека поддршката за жени претприемачи е доволна и соодветна (7,8% одговориле со „да, сосема“ а 52,2% со „да, до некаде“), во споредба со 39,6% во 2022 година.

Сепак, недостигот на ваква поддршка од соодветните институции се смета за клучен предизвик со кој се соочуваат жените претприемачи во 2023 година (56,7%, во споредба со 43,8% во 2022 година). Ваквиот исход произлегува од конкретната улога на државата во обезбедување некои видови поддршка кои останатите сектори – граѓанскиот или приватниот, не можат да ги обезбедат, конкретно пристапот до финансии. Имено, 80% од испитаничките очекуваат државата да се заложи за подобар пристап до финансирање преку банкарски гаранции, микрофинансирање и кредити.

Останатите видови поддршка кои им се потребни на жените претприемачи, пред сè обука и менторство, се оценети како најважни од страна на 72,2% од испитаничките. Потоа следуваат бизнис инкубатори (58,9%), обезбедување простор за работа (43,3%), активности за поврзување и воспоставување деловни контакти (24,4%) и програми за отпочнување сопствен бизнис (17,8%). Сепак, помалку од една третина од испитаничките сметаат дека државата треба да има водечка улога во таквите видови поддршка како што се обезбедување поддршка за јакнење на вештини преку обуки и менторство (33,3%), јакнење на мрежите на жени претприемачи (14,4%) или за воведување нови технологии и дигитализација (10%). Очекувањата од државата одат повеќе во насока на подобрување на системот за социјална и здравствена заштита (61,1%), поттикнување свесност за практиките, можностите и придобивките од претприемништвото (54,4%) и придонес кон култура која го поддржува женското претприемништво (37,8%).

## Пристап до финансии

Интересно е да се забележи дека 67,8% од жените претприемачи го сметаат пристапот до финансии под поволни услови за најважен аспект од поддршката. Но, од друга страна, немањето соодветен пристап до финансии се смета за помал предизвик во споредба со претходната година (42,7% во 2023 година). Тоа се потврдува и преку одговорите на прашањето дали жените претприемачи имаат доволно можности да го финансираат својот бизнис, каде се забележуваат благо подобри перцепции во споредба со минатата година - 46,6%, од кои 3,3% „да, сосема“, а 43,3 „да, до некаде“, наспроти 37,6% вкупно позитивни перцепции во 2022 година. Клучен аспект во оваа значајна промена е сѐ поголемата свесност и можности за користење на нетрадиционални и нови извори на финансирање. Сепак, повеќе од половина, односно 53,4% од испитаничките сметат дека пристапот до финансии под поволни услови сѐ уште не е на задоволително ниво.




Имено, во поглед на изворите на финансирање кои им се достапни на жените претприемачи, продолжува трендот на свртување кон нетрадиционални извори забележан и претходната година. За прв пат во 2023 година најголем дел од испитаничките ги идентификуваат бизнис ангелите како најчест извор на финансирање за жените претприемачи (47,8%, во споредба со 29,2% во 2022), пред заеми од семејството и пријателите (44,4%) и сопствени средства (43,3%). Краудфандинг платформите и ризичниот капитал се исто така во пораст со 41,1% и 38,9% од одговорите соодветно, споредено со 33,3% и 22,9% во 2022 соодветно. Државната поддршка и банкарските кредити помалку се перципираат од страна на жените претприемачи како извори на финансирање за нивниот бизнис и учествуваат со 23,2% и 20% соодветно во одговорите, во споредба со 31,3% и 46,9% во 2022 година.

Овие трендови се потврдуваат и со прашањето за личните искуства во поглед на користените или потенцијалните видови финансирање, каде доминира и расте застапеноста на бизнис ангелите (55,6%) и краудфандинг платформите (48,9%), во споредба со 38,5% и 31,3% минатата година. Следуваат заеми од семејството и пријателите (46,7%), државна поддршка (36,7%), сопствени средства (26,7%), ризичен капитал (25,6%) и позајмици од други компании (17,8%). Забележливо е континуирано намалување на оценката за важноста и/или достапноста на банкарските кредити и микрокредитирањето како извор на финансирање од 2021 година наваму.

## Лични искуства и очекувања

Во 2023 година продолжува трендот на дискриминација по основ на пол и 56,7% од жените претприемачи се изјасниле дека лично искусиле таква ситуација, во споредба со 31% во 2021 година. Потребни се дополнителни и подетални истражувања за да се открие дали се зголемува појавата на дискриминација или се зголемува препознавањето кај жените претрпиемачи за тоа што претставува дискриминација и признавањето дека тоа се случува. Меѓу другите лични предизвици се наведуваат притисокот од средината (47,8%) и тешкотиите во деловното планирање. Околу 1/3 од испитаничките соодветно наведуваат дека имаат или преголем (35,6%) или премал (30%) обем на работа, а по 1/5 соодветно имаат проблеми со балансирањето на професионалниот и приватниот живот (22,2%) или со деловното опкружување (20% - сива економија, нелојална конкуренција, проблеми со наплатата).

***После 30 години работно искуство, кога има многу обуки и менторирање за вештини и пристап до фондови за финансии за компаниите, наместо да растеме се намалуваме поради немање кадар и одлив на квалитетни професионалци.***

Речиси 1/3 од испитаничките (31,1%) чувствуваат финансиска несигурност, а околу 1/5 истакнуваат дека претприемачката активност не им овозможува да живеат удобен живот. Сепак, на ова прашање, мнозинството од испитаничките одговориле позитивно (72,2% одговориле „да, до некаде“, а 4,4% „да, сосема“), што покажува подобрување во поглед на перцепцијата за сопствената финансиска ситуација во однос на претходната година, но полош резултат од 2021 година (81,5%).

Причините кои предизвикуваат најголема загриженост кај жените претприемачи во 2023 во голема мера остануваат исти од претходната година, со различен процент на приоритетност. Имено сивата економија (61,1%) предничи во споредба со 2022 (42,7%), исто како и најавената даночна реформа која ги загрижува 55,6% од испитаничките, во споредба со 41,7% минатата година. Потоа следуваат инфлацијата (50%), снабдувањето со суровини и репроматеријали (45,6%), намалена побарувачка (27,8%), енергетската криза (23,3%) и вработување на доволен и/или соодветен кадар (16,7%).

Очекувањата за следната година се во голема мера оптимистички. Жените претприемачи очекуваат да се прошират на нови пазари (68,9%), да го зголемат профитот (64,4%), да ја прошират палетата на производи/услуги (47,8%) и да вработат нови лица (35,6%). 36,7% од испитаничките размислуваат да ја променат дејноста/секторот, а само 11,2% да го намалат обемот на работа или да затворат.

Кога станува збор за подобрување на личните вештини и познавања, на најголем дел од испитаничките им треба обука во однос на односи со клиенти/јавност (47,8%), продажба (45,6%), маркетинг (38,9%) и човечки ресурси (38,9%). Финансиските аспекти

остануваат исто така многу важни, што се гледа преку процентот на испитанички на кои им треба обука за обезбедување финансии (31,1%) и односи со инвеститори и финансиски менаџмент (27,8%).

## Актуелни трендови

Кога станува збор за трендовите на дигитализација и користење на нови технологии, жените претприемачи ги користат најчесто за маркетинг цели (85,4%), а помал е процентот на испитанички кои ги користат и за продажба и комуникација (30,3%). Само 14,6% ги користат за сите сегменти од работењето, додека 11,2% водат само онлајн бизнис. Ваквата распределба на одговорите укажува на тоа дека постои напредок, но сè уште постои и простор за подобрување кога станува збор за користење на потенцијалот на дигитализацијата и новите технологии во различни аспекти од бизнисот. Тоа се потврдува и преку потребите за обука, односно 30% од испитаничките се изјасниле дека им треба обука за информатички вештини и дигитализација.

Процентот на жени претприемачи кои членуваат во здруженија кои обезбедуваат поддршка и услуги за жени претприемачи е помал во поредба со минатата година (15,6%, наспроти 37,5%). Кога станува збор за очекувањата во поглед на придобивките од членувањето во такви здруженија, најголем дел од испитаничките сметаат дека најважно е да обезбедуваат лична поддршка преку познанства, споделување искуства и успешни приказни (73,3%), поддршка за бизнисот преку информирање и обука (72,2%) и застапување на жените претприемачи пред институциите (61,1%). Исто така важна е и поддршката за проширување на мрежата на деловни контакти (32,2%), особено кога станува збор за соработка со партнери надвор од државата (42,2%).

***Ништо суштинско не се опфаќа, само штиклирање на зацртани цели. Потребни се конкретни чекори за поддршка на жените претприемачи.***

Во поглед на општата состојба со женското претприемништво во изминатата година, најголем дел од испитаничките не гледаат никаква промена (73,3%), додека помал процент (24,4%) сметаат дека постои подобрување.

## ПРЕПОРАКИ

На крајот на првиот тригодишен период на следење на состојбите со женското претприемништво, видливи се тенденциите на подигнување на свесноста за потребата од конкретни и прилагодени мерки за поддршка кои даваат одредени резултати. Резултатите се чувствуваат пред сè на нивото на јавни политики, а помалку во неформалната сфера на општествено делување и поддршка за женското претприемништво. Во тој контекст, препораките за подобрување може да се структурираат околу две оски – неформалната поддршка преку недржавни чинители и формалната поддршка преку промени во јавните политики.

> ***Навистина ми е парадоксално како на обуки за женско претприемништво, скоро сите предавачи се мажи.***
>
> ***Let's lead by example :)***

Потребно е продолжување, структурирање и засилување на напорите за поддршка на жените претприемачи меѓу себе, како и во рамки на здруженија и бизнис комори кои можат директно да влијаат врз тие аспекти. Притоа, потребно е да се работи на поврзување и менторирање на жените претприемачи, да се обезбеди поддршка за надминување на субјективните или индивидуалните фактори кои го попречуваат нивниот професионален раст (на пример недостиг на самодоверба, различни деловни вештини и неволноста да се преземе ризик) и да се посвети поголемо внимание на истакнување на примери на успешни приказни.

За да се избегне „ефектот на ехо“ и да се постигнат поефикасни и одржливи резултати, во сите активности треба да се посветат напори да бидат вклучени и мажи претприемачи, да се работи на вмрежување на жените во пошироката бизнис заедница – а не само меѓу себе, како и да се истакнат придобивките од женското претприемништво за просперитетот на деловната заедница и локалната економија воопшто.

Исто така потребно е да се работи на поголемо застапување на потребите на жените претприемачи како неформална заедница која треба да има исти можности, но не секогаш има исти услови и потреби со мажите претприемачи за да го оствари и максимизира сопствениот потенцијал. Во таа

насока потребно е државата преку нејзините институции да посвети поголемо внимание на препознавање и согледување на потребите и ставовите на жените претприемачи и нивно интегрирање во сите јавни политики кои ги засегаат – пред сè поврзани со деловното опкружување и системот на здравствена и социјална заштита. Притоа, по иницијалниот напредок на општо ниво, потребно е да се пристапи кон секторски пристап за идентификување на неопходни подобрувања во различни области (на пример земјоделство, информатички и комуникациски технологии, пристап до финансии итн.)

## АНЕКС



2. Колку години искуство имате во областа на претприемништво?

90 responses




3. Големина на Вашата компанија:

90 responses




4. Во кој сектор спаѓа Вашата компанија?

90 responses



5. Дали сметате дека во Македонија постојат поволни услови за започнување сопствен бизнис?
90 responses




6. Дали сметате дека во државата има поволно деловно опкружување за водење сопствен бизнис?
90 responses



7. Кој е Вашиот став во врска со неформалната (сива) економија?

90 responses




8. Дали сметате дека поставеноста на системот за социјална и здравствена заштита им оди во прилог на жените претприемачи? (породилно ...еца и возрасни членови на семејството и сл.)

90 responses



9. Кои се според Вас најчестите причини зошто жените започнуваат сопствен бизнис? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




10. Кои се според Вас најчестите причини кои ги одвраќаат жените од почнување сопствен бизнис? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses



11. Кои се најчестите предизвици со кои се соочуваат жените претприемачи? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




12. Дали сметате дека поддршката достапна за жени претприемачи е доволна и соодветна? (тренинзи, менторство, советодавни услуги, грантови итн.)

90 responses



13. Кои форми на поддршка се најважни за жените претприемачи? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




14. Кои 3 активности треба државата да ги преземе за да обезбеди поголема поддршка за жените претприемачи? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses



15. Кои се најчестите извори на финансирање кои ги користат жените претприемачи за да започнат сопствен бизнис? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




16. Дали сметате дека жените претприемачи имаат доволно можности да го финансираат својот бизнис под поволни услови?

90 responses




17. Кој од следните извори на финансирање Вие сте го искористиле или би го искористиле за да го проширите својот бизнис? (изберете најмногу 3 опции)
90 responses
Банкарски кредит
8 (8.9%)
Сопствени средства
24 (26.7%)
Заеми од членови на семејст…
42 (46.7%)
Бизнис ангели
50 (55.6%)
Краудфандинг платформи
44 (48.9%)
Ризичен капитал
23 (25.6%)
Државна поддршка
33 (36.7%)
Позајмици од други компании
16 (17.8%)
Микрокредитирање
6 (6.7%)
0
10
20
30
40
50


18. Која од следниве ситуации лично сте ја искусиле откако сте почнале сопствен бизнис? (изберете најмногу 3 опции)
90 responses
Осаменост
4 (4.4%)
Финансиска несигурност
28 (31.1%)
Преголем обем на работа
32 (35.6%)
Притисок од средината
43 (47.8%)
Дискриминација по основ на…
51 (56.7%)
Тешкотии во деловното план…
36 (40%)
Мал обем на работа и побару…
27 (30%)
Тешкотии во балансирањето…
20 (22.2%)
Проблеми поврзани со делов…
18 (20%)
Слаба поврзаност и недовол…
5 (5.6%)
немање менаџерски вештини…
1 (1.1%)
1 (1.1%)
0
20
40
60

19. Дали приходот од Вашите претприемачки активности Ви овозможува да живеете удобен живот?

90 responses




20. Која од следниве обуки би Ви била корисна за подобрување на вештините поврзани со водењето бизнис? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses



21. Која е во моментов Вашата најголема грижа како претприемач? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




22. Што очекувате од Вашиот бизнис во следните три години? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses



23. Дали значителен дел од Вашите деловни активности се одвиваат онлајн?
89 responses




24. Дали членувате во некое здружение или мрежа кои обезбедуваат услуги и поддршка за жени претприемачи?
90 responses



25. Која е - или би требало да биде - според Вас најголемата продобивка од членството во такво здружение или мрежа? (изберете најмногу 3 опции)

90 responses




26. Дали според Вас во текот на последната година има некакво подобрување во поглед на развојот на женското претприемништво воопшто?

90 responses

